**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-5008/**

# З А П И С Н И К

**Од 192.седница на Програмскиот совет на Македонска Радио Телевизија одржана на 29.07.2022 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:**<br>проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-рРисте Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Ивана Трајковска,Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:**<br>д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:**<br>Виолета Димеска-раководител на одделение за планирање и буџет во МРТ. |

***192.седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку платформата Скајп.***

Седницата започна во 11:10 часот.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац извести дека се повлечени две точки поради доработка на документите.
Програмскиот совет на МРТ го разгледа предложениот дневен ред.
Програмскиот совет на МРТ едногласно го усвои и продолжи со работа по следниот дневен ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 191.седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.04.2022-30.06.2022 година.

3. Разно.

ТОЧКА1:**Разгледување и усвојување на записникот од 191.седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 191.седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 191.седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на МРТ едногласно **го усвои** записникот од 191.седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА2:**Разгледување и усвојување на Извештај за финансиското работење на ЈРП МРТ за периодот од 01.04.2022-30.06.2022 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Виолета Димеска раководител на одделението за планирање и буџет во МРТ со детално објаснување на целиот материјал од Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2022-30.06.2022 година.
Виолета притоа истакна дека во второто тримесечје од 2022 година Македонска радио телевизија оствари приходи во вкупен износ од 235.671.900 денари и расходи во износ од 242.048.594 денари, при што е остварен негативен финансиски резултат од 6.376.694 денари кој произлегува исклучиво од неисплатените и скратени финансиски средства кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ за финансирање на радиодифузна дејност.
Имено, согласно Законот за ААВМУ, по основ на финансирање на радиодифузна дејност во 2022 година на ЈРП МРТ треба да и бидат исплатени средства во висина од 1% од реализираните вкупни приходи во годината која претходи на фискалната година за која се утврдува износот, односно во 2021 година. Оттука, со оглед на тоа дека во 2021 година вкупните приходи во Буџетот на РСМ се реализирани во износ нешто повисок од 210 милијарди денари, произлегува дека во 2022 година и приходот по основ на финансирање на радиодифузна дејност треба да биде повисок односно да изнесува околу 130.000.000 денари на месечно ниво наместо сегашните 55.875.000 денари кои МРТ ги добива. Законски предвидените 1% не се реализираат, односно МРТ добива дури и помалку од 0,5% од реализираните приходи во Буџетот на РСМ во 2021 година. Недостигот на финансиски средства негативно се одразува на севкупното работење на институцијата и создава потешкотии во сервисирање на старите но и на тековните обврски по основ склучени договори со домашни и странски добавувачи по разни основи како и на обврските спрема вработените, а треба да се има предвид дека во рамки на своето тековно работење ЈРП МРТ има трошоци кои мора да се реализираат согласно Закон без оглед на тоа со колку финансиски средства таа ќе располага во календарската година. Што се однесува пак на расходите во анализираниот квартал од 2022 година, тие бележат фактурирана реализација во рамки на планираните износи кај сите групи на трошоци.
Надзорниот одбор на МРТ на своја седница го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2022-30.06.2022 година без забелешки.
Претседателката на советот по расправата го стави на гласање Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2022-30.06.2022 година.

■**Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2022-30.06.2022 година** беше ставен на гласање:

- ЗА гласаа: **9** члена,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа: **2** члена.

**_МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА_**
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk

По спроведеното гласање се констатира дека Извештајот за финансиското работење на ЈРП Македонска Радио Телевизија за преиодот од 01.04.2022-30.06.2022 година **е усвоен** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА3:Разно.**
По однос на оваа точка беше разгледуван Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2020 година на ЈРП МРТ од страна на ДЗР, по истиот се отвори дискусија и беше договорено членовите со свои забелешки да се произнесат на наредна седница на Програмскиот совет на МРТ.

Седницата заврши во 11:40 часот.

Записничар
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател